**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Александар Максимовски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. Васил Главинов 3/4-2**
**тел. 3100 510**

**Образец бр.66**

**И.бр.73/26**

Извршителот **Александар Максимовски** од **Скопје** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Друштво за трговија и услуги ПАНТЕЛЕОН ГС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** од Скопје со ЕДБ 4058020536651, ЕМБС 7457596 и седиште на ул.МАКСИМ ГОРКИ бр.13 кат 2, засновано на извршната исправа Нотарски акт ОДУ бр.457/21 од 08.11.2021 на Нотар Ајљинда Ајдари и Солемнизиран Нотарски акт Договор за отстапување на побарување ОДУ бр.169/25 од 04.03.2025 на Нотар Дејан Павлоски, против **заложниот должник ГрадеЖно трговско услуЖно друштво ТРИМ увоз-извоз Охрид ДОО** од Струга со ЕДБ 4026002123065, ЕМБС 5700248 и седиште на ул.ТУРИСТИЧКА 55, и **должниците: Димче Арсовски** од Скопје, со живеалиште на ул.Ѓорѓи Капчев бр.54, **Дарко Арсовски** од Скопје, со живеалиште на ул.Ѓорѓи Капчев бр.54, **Соња Тодоровска** од Скопје, со живеалиште на ул.Мајка Тереза бр.5/1-13 и **Звонко Арсовски** од Скопје, со живеалиште на ул.Ѓорѓи Капчев бр.54, за спроведување на извршување во вредност 5.703.595,00 ден., на ден 27.07.2026 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:
- Недвижноста запишана во имотен лист бр. 58935 за КО ЦЕНТАР 2 при АКН на РСМ – Центар за катастар на недвижности Скопје во дел 1/1 со следните ознаки:

**OBJEKTИ**

| Имотен лист | Број | Објект | Намена | Површина м2 | Место | Влез | Кат | Стан | Право |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 58935 | 737 | 1 | А2-1 Станбени згради | 70 | УЛ.КИРО ГАВРИЛОВСКИ, БР.5 | 1 | К-5 | 32 | Сопственост |
| 58935 | 737 | 1 | А2-1 Станбени згради | 7 | УЛ.КИРО ГАВРИЛОВСКИ, БР.5 | 1 | К-5 | 32 | Сопственост |

- која се наоѓа во сопственост на заложниот должник ГрадеЖно трговско услуЖно друштво ТРИМ увоз-извоз Охрид ДОО од Струга со ЕДБ 4026002123065, ЕМБС 5700248 и седиште на ул.ТУРИСТИЧКА 55.

***<u>Напомена</u>****–Согласно Геодетскиот елаборат за идентификација на недвижноста бр.0808-101/3 од 29.06.2026 година на вешто лице Друштво за истражување,инженеринг и проценка ГЕО АПРОУЗЛ ДООЕЛ Скопје утврдено е дека недвижноста запишана во Имотен лист бр.58935 за КО ЦЕНТАР 2 при Агенција за катастар на недвижности Скопје е со вкупна станбена површина на помошни простории од 6 м2, односно се разликува со површината запишана во Имотен лист бр.58935 за КО ЦЕНТАР 2* при Агенција за катастар на недвижности Скопје *во делот на помошни простории од 7 м2 т.е истата е помала од наведената во имотниот лист за 1 м2.*

Продажбата ќе се одржи на ден **<u>25.08.2026 година во 12:00 часот</u>** во просториите на извршител Александар Максимовски на адреса ул. Васил Главинов бр.3/4-2 Скопје.
Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот Александар Максимовски И.бр.73/26 изнесува **<u>11.262.470,00 денари,</u>** и е цена под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.
Недвижноста е оптоварена со следните товари:

- Заложно право во корист на доверителот Друштво за трговија и услуги ПАНТЕЛЕОН ГС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје по Нотарски акт ОДУ бр.457/21 од 08.11.2021 на Нотар Ајљинда Ајдари и Солемнизиран Нотарски акт Договор за отстапување на побарување ОДУ бр.169/25 од 04.03.2025 на Нотар Дејан Павлоски, заложно право со налог за извршување по предмет И.бр.73/26 на Извршител Александар Максимовски.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста, односно износ од **1.126.247,00 денари.**

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.270073984500166 која се води кај Халкбанка АД Скопје и даночен број МК5080019509364 **најдоцна до 21.08.2026 година.**

Гаранциите кои што се уплатени после овој рок нема да бидат прифатени и уплаќачот нема да може да учествува на јавното наддавање.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

**Данокот паѓа на товар на купувачот.**

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората на извршители.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Александар Максимовски